**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 30 став 1, алинеја 2 од Законот за трговија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 99/09, 105/09, 115/10, 158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13 ,97/15, 129/15, 53/16 и 120/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 март 2020 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИТЕ ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ ПРОИЗВОДИ ВО ТРГОВИЈАТА НА ГОЛЕМО И ТРГОВИЈАТА НА МАЛО

Член 1

Со оваа одлука се определуваат највисоки цени во трговијата на големо и трговијата на мало на: леб, сол, шеќер, зејтин, млеко и млечни производи, јајца, брашно, месо, тестенини, лекови, лична заштитна опрема, средства за лична хигиена и дезифекциони средства.

Највисоките цени на производите од ставот 1 на овој член се утврдуваат на нивото на цените на истите кои се применувале на 11 март 2020 година, кога од страна на Светската Здравствена Организација е прогласена пандемија на Коронавирусот COVID-19.

Член 2

Највисоките цени на производите од член 1 на оваа одлука ќе се применуваат до 30 април 2020 година.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за определување на највисоки цени во трговијата на мало („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 67/20).

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2358/1
19 март 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.